Уп. бр. 08-83

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Алта Платформ Холдингс Лимитед со регистрирано седиште на Ниво 1, Феникс Бизнис Центар, Трик Ил – Феровија (Стара железничка), Санта Венера, СВР 9022, Малта, преку адвокатско друштво Ќоку и Партнери од Скопје, на седницата одржана на ден 10.06.2026 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Се утврдува дека концентрацијата со која Алта Платформ Холдингс Лимитед со регистрирано седиште на Ниво 1, Феникс Бизнис Центар, Трик Ил – Феровија (Стара железничка), Санта Венера, СВР 9022, Малта ќе стекне контрола над Рајно Сервисес Лимитед ДООЕЛ Битола, со регистрирано седиште на ул. Митрополитска бр. 13б, Битола, Северна Македонија, преку купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 13.05.2026 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од Алта Платформ Холдингс Лимитед со регистрирано седиште на Ниво 1, Феникс Бизнис Центар, Трик Ил – Феровија (Стара железничка), Санта Венера, СВР 9022, Малта со која Алта Платформ Холдингс Лимитед ќе стекне контрола над Рајно Сервисес Лимитед ДООЕЛ Битола, со регистрирано седиште на ул. Митрополитска бр. 13б, Битола, Република Северна Македонија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз

основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Алта Платформ Холдингс Лимитед е друштво основано во Малта чии главни деловни активности вклучуваат поседување, стекнување, управување и располагање со акции, инвестиции и/или хартии од вредност. Алта ја поседува целокупната издадена основна главнина во Алта Платформ Гејминг Лимитед (Alta Platform Gaming Limited), со регистрирано седиште на Ниво 1, Феникс Бизнис Центар, Трик Ил – Феровија (Стара железничка), Санта Венера, СВР 9022, Малта чија основна дејност е нудењето на казино игри, спортско обложување (вклучувајќи обложување во живо) и услуги за peer-to-peer покер за крајни потрошувачи преку повеќе брендирани онлајн платформи.
Алта Платформ Гејминг Лимитед е лиценциран оператор за онлајн коцкање регулиран од страна на Органот за игри на среќа на Малта.
Алта Платформ Холдингс Лимитед и Алта Платформ Гејминг Лимитед се дел од Алта Групата, која е во целосна сопственост на г. Лоранг Волмар Андерс Андреассен, кој поседува 100% од АПХЛ Лимитед, друштво со ограничена одговорност од Малта, кое пак поседува 100% од уделите во Алта Платформ Холдингс Лимитед.
Алта Платформ Холдингс Лимитед поседува 100% од две дополнителни зависни друштва (покрај Алта Платформ Гејминг Лимитед): Алта Платформ Сервисес Лимитед и 3П Соулшнс Лтд, што значи дека г. Андреассен има самостојна и крајна контрола врз целата групација.
Алта Платформ Холдингс Лимитед нема регистрирано зависни друштва во Република Северна Македонија и не врши било какви деловни активности на македонскиот пазар.

Рајно Сервисес Лимитед ДООЕЛ е македонско друштво кое служи како центар за технологија, развој на производи, поддршка на клиенти и човечки ресурси за Рајно Ентертејнмент групацијата на друштва („Рајно Ентертејнмент Груп“), од која е дел.

Рајно Ентертејнмент Групата врши деловни активности за онлајн игри, XXX[1], кои се спроведуваат согласно соодветните лиценци за приредување игри на среќа.

Рајно Сервисес нема регистрирано зависни друштва во Република Северна Македонија или во странство.
Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

---

[1] Податоците претставуваат деловна тајна

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**